# SOUTH EASTERN AREA LABORATORY SERVICES

**Локации на SEALS Центрите за земање примероци за патологија:**

**Болницата Prince of Wales**: Cobden Parkes Building, Level 2 East, High Street, Randwick. Тел. 93829060
**Приватната болница Prince of Wales Private:** Suite 28, Level 7, Barker Street, Randwick. Тел. 96504963
**Болницата St George**: Ground Floor, Clinical Services Building, Gray Street, Kogarah. Тел. 91133027
**Болницата Sutherland:** Pathology Building, Corner Karenna Road and Kingsway, Caringbah. Тел.95407420
**Болницата Wollongong:** Level 7, Block C, Wollongong Hospital, Crown Street, Wollongong. Тел. 42534009
**Болницата Shellharbour:** Shellharbour Hospital, Madigan Blvd, Shellharbour. Тел. 42952487
**Болницата Shoalhaven:** Shoalhaven Hospital, Shoalhaven Street, Nowra. Тел. 44239235

# УПАТСТВО ЗА СОБИРАЊЕ МОКРАЧА ВО ТЕКОТ НА 24 ЧАСА
## (24-HOUR URINE COLLECTION INSTRUCTION)

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ
## (PATIENT INFORMATION)

### A. ПОДГОТОВКА НА ПАЦИЕНТОТ
### (PATIENT PREPARATION)

**Следете ги упатствата со информации за “ Потребните ограничувања за тестирање на биогенски амини” (“Biogenic Amines Testing Restriction Requirements”) ако се побарани тестови како катеколамини, метанефрини, ВМА, ХВА и/или 5-хидроксиндолеацетинска киселина (5-ХИАА) (Catecholamines, Metanephrines, VMA, HVA and/or 5-Hydroxyindoleacetic Acid (5-HIAA).**

Ве молиме не заборавајте:

1. Да го пополнете упатот за тестот од докторот
2. Можеби ќе ви треба инка за да ја собирате мокрачата во садот што ќе ви го дадат (во некои од садовите има киселина што служи како конзерванс)

### B. СОБИРАЊЕ МОКРАЧА
### (URINE COLLECTION)

**Важно:**

**► НЕ МОКРЕТЕ ДИРЕКТНО ВО САДОТ и ИЗБЕГНУВАЈТЕ КОНТАКТ СО КОЖАТА ЗАТОА ШТО КОНЗЕРВАНСИТЕ ШТО СЕ КОРИСТАТ ЗА СОБИРАЊЕ МОКРАЧА МОЖЕ ДА ПРЕДИЗВИКААТ ПОВРЕДА.**

(Користете го само шишето што ќе ви биде дадено од овој Оддел. Шишето за собирање мокрача содржи конзерванс – немојте да ја истурате неговата содржина. Мокрете директно во соодветен ***чист сув*** сад за да ја префрлите мокрачата во шишето во кое што таа се собира. ***Не го плакнете садот со вода.*** *Ако некој од примероците на мокрача не успеете да го турите во шишето за собирање, ве молиме да го известите персоналот од лабораторијата за да го запишат тоа на упатот).*

**► ЧУВАЈТЕ ГО САДОТ ЗА МОКРАЧА ПОДАЛЕКУ ОД ДОФАТОТ НА ДЕЦА.**
**► ДРЖЕТЕ ГО САДОТ ЗА МОКРАЧА НА СТУДЕНО И ТЕМНО МЕСТО ДОДЕКА ТРАЕ СОБИРАЊЕТО.**

## ПРОЦЕДУРА ЗА СОБИРАЊЕ
## (COLLECTION PROCEDURE)

1. На утро кога ќе се разбудите ***фрлете ја првата мокрача*** што ќе ја измокрите во клозетот и запишете го ова време и датумот на шишето како ***Време и датум на започнување со собирањето.***
2. Потоа собирајте ја во шишето СЕТА мокрача што ќе ја мокрите се до и вклучувајќи го и мокрењето во истото време наредното утро
   ***Истресете го садот за да се измеша мокрачата со конзервансот при секое турање мокрача.***
3. После последното собирање на мокрача, напишете го ова време и датумот на шишето како ***Време и датум на завршување.***
4. Проверете дали се јасно напишани на шишето вашето ***име и презиме, датумите*** и ***времињата*** и употребете пенкало што не се брише со вода.
5. Напишете го вашиот ***датум на раѓање*** и ***датумите*** и ***времето*** на почнување и завршување на собирањето мокрача на формуларот за Барање за тест од докторот (Request Form).
6. Вратете го садот со мокрача ***и*** Барањето за тест од докторот, што е можно побрзо во назначениот Центар на SEALS за земање примероци за патологија (SEALS Pathology Collection Centre).
7. Секогаш прашајте го персоналот дали треба да направите други тестови за патологија.



Diagnosis | Teaching | Research